**Ристо Малчески**
**Скопје**

# РЕДОСЛЕД НА СЛУЧУВАЊЕ НА НАСТАНИ

Малиот Горјан е на гости кај баба му Десанка и дедо му Павле. Тие во дворот имаат јаболкница, која претпладнето ја обрале. Горјан умее убаво да црта, па затоа со цртеж ја прикажал јаболкницата пред и после бербата на јаболката, при што редоследот на настаните го означил со стрелка.



Ова е пример во кој е означен редоследот на два настани. Ќе дадеме уште две едноставни задачи во кои треба да се определи редоследот на настаните.



**Задача 1.** На цртежот десно е прикажано исто дрво. Нацртај стрелка со која правилно ќе го означиш редоследот на настаните.

**Задача 2.** Задоволен од успешното прикажување на јаболницата пред и после бербата, Горјан нацртал уште еден цртеж, на кој трипати ја прикажал јаболкницата на неговите баба и дедо. Меѓутоа, се збунил при означувањето на редоследот на настаните. Помогни му на Горјан да го доврши цртежот.



Да разгледаме уште неколку задачи во кои треба да го определиме редоследот на настаните.

**Задача 3.** Горјан се подготвува за дочекот на Новата година. Во текот на подготовките неговата мајка направила три фотографии. Горјан фотографиите ги наредил една до друга како што е прикажано на долниот цртеж. Обој ги кружчињата според редоследот на случувањето на настаните.



**Задача 4.** Задоволен од завршените подготовки за дочекот на Новата година, Горјан и татко му излегле во дворот. Во меѓувреме наврнало снег па решиле да направат Снешко. Додека тие го правеле Снешко, мајката на Горјан направила неколку фотографии, кои се прикажани на долниот цртеж. Во кружчињата запиши редни броеви со кои правилно ќе го означиш редоследот на случување на настаните.



**Задача 5.** Горјан повторно е на гости кај неговите баба Десанка



и дедо Павле. Тој забележал дека во дворот има квачка со 5 пилиња и го нацртал цртежот прикажан на претходната страна. Обој ги кружчињата во шемата според редоследот на случување на настаните.

**Задача 6.** Дедо Павле е фурнаџија, па додека Горјан црташе, тој зеде да подготви домашен леб. Горјан го праша како се добива леб, на што дедо Павле му го даде долниот цртеж. После кратко размилсување, Горјан според шемата ги обои кружчињата на цртежот така што правилно го означи редоследот на настаните. Како ги обоил Горјан кружчињата?



**Задача 7.** На часот по Запознавање на природата и општеството Горјан научи дека е важно да се грижиме за заштитата на птиците. Затоа реши во дворот да направи куќичка за птици.

Вообичаено, додека тој работеше мајка му направи неколку фотографии. Горјан фотографиите ги стави на маса, но забележа дека тие не се правилно распоредени според редоследот на случување на настаните. Обој ги кружчињата во шемата според редоследот на случување на настаните.



**Задача 8.** За време на роденденската забава на Горјан, неговата мајка направи пет фотографии. После забавата Горјан фотографиите ги постави на маса како на следниот цртеж и забележа дека тие не се правилно распоредени според редоследот на случување на настаните. Обој ги според шемата кружчињата на фотографиите така што правилно ќе го означиш редоследот на настаните.

